# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 28.05. 2020 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 6 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за поништување на Одлука за утврдување на приоритетен проект “Зајакнати туристички производи и зајакнување на вработувањето (EX-TOUR) за апликација во програмата ИНТЕРРЕГ – ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ” бр.0801-797 од 18.05.2020 година бр. 0801 - 802 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28. 05. 2020 година.

**Бр.0901- 804**
**28.05. 2020 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), и член 124 став 1 алинеја 3 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РМ бр.124/2015), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.05.2020 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За поништување на Одлука за утврдување на приоритетен проект “Зајакнати туристички производи и зајакнување на вработувањето (EX-TOUR) за апликација во програмата ИНТЕРРЕГ – ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ” бр.0801-797 од 18.05.2020 година**

**Член 1**

СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за утврдување на приоритетен проект “Зајакнати туристички производи и зајакнување на вработувањето (EX-TOUR) за апликација во програмата ИНТЕРРЕГ – ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ” бр.0801-797 од 18.05.2020 година, бидејќи нејзиното извршување не е можно.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила веднаш, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр.0801- 802**
**28.05.2020 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на приоритетен проект „Зајакнување на актрактивноста на прекуграничната област, преку промоција на културното и природното наследство и подобрување на вработувањето (SACUNA)“ за апликација во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ бр. 0801 - 803 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 28. 05. 2020 година.

**Бр.0901- 804/2**
**28.05. 2020 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, в.в. со член 22, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 28.05. 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритетен проект „Зајакнување на актрактивноста на прекуграничната област, преку промоција на културното и природното наследство и подобрување на вработувањето (SACUNA)“ за апликација во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Свети Николе утврдува приоритет за апликација на проектот „Зајакнување на актрактивноста на прекуграничната област, преку промоција на културното и природното наследство и подобрување на вработувањето (SACUNA)“ во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ.

**Член 2**

Општина Свети Николе ќе го аплицира проектот во соработка со партнерите од двете земји до утврдениот краен рок на повикот за проекти во Програмата.

**Член 3**

Вкупниот фонд за реализација на проектот во Општина Свети Николе е над 170.000 евра.
85% од вкупната сума се финансирани од Европската Унија.

**Член 4**

Останатите 15% по одобрувањето на проектот ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе преку Програмата за активностите на Општина Свети Николе во Обласа на локалниот економски развој во 2020 година.

По завршувањето на проектот и доставување на финасискиот извештај, средствата за учество во проектот ќе бидат вратени во Буџетот на Општина Свети Николе од страна на Министерството за локална самоуправа.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Свети Николе “.

**Бр. 0801 - 803**
**28.05.2020 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**


1. Одлука за поништување на Одлука за утврдување на приоритетен проект “Зајакнати туристички производи и зајакнување на вработувањето (EX-TOUR) за апликација во програмата ИНТЕРРЕГ – ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ” бр.0801-797 од 18.05.2020 година

2. Одлука за утврдување на приоритетен проект „Зајакнување на актрактивноста на прекуграничната област, преку промоција на културното и природното наследство и подобрување на вработувањето (SACUNA)“ за апликација во програмата ИНТЕРРЕГ - ИПА прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија, финансиран од ЕУ


**Бр. 0801- 805**
**28.05. 2020 година**
**Свети Николе**